Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

Извадок на дел од дневни настани 08.04.2020

На 07.04.2020 во 13.45 часот, полициски службеници од СВР Скопје во с.Долно Лисиче, го лишиле од слобода О.С.(24) од Скопје, затоа што при извршен преглед кај него била пронајдена марихуана. По документирање на случајот, против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 07.04.2020 во 17.20 часот, полициски службеници од СВР Скопје на бул. „Александар Македонски", при извршен преглед кај А.Б.(25) од с.Арачиново, скопско, пронашле пиштол „екол фират магнум" 9 мм, со една рамка. Тој бил приведен и против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 07.04.2020 во 14.48 часот во СВР Битола било пријавено дека на патот Битола – Демир Хисар, пред крстосницата за с.Лисолај, се случила сообраќајна незгода помеѓу патничко возило „БМВ", со битолски регистарски ознаки, управувано од С.Ј.(43) од Битола и патничко возило „голф", со битолски регистарски ознаки, управувано од Б.С.(55) од с.Лесково, Демир Хисар. Во незгодата со тешки телесни повреди се здобиле возачот Б.С. и сопатничката од истото возило К.С.(36) од Демир Хисар, а возачот С.Ј. се здобил со телесни повреди, по што биле пренесени во Клиничката болница Битола за укажување на лекарска помош. Извршен бил увид на местото на настанот од Јавен обвинител и увидна екипа од СВР Битола.

На 07.04.2020 во 10.40 часот во Полициската станица Центар К.Г.(66) од Скопје пријавил дека на ул.„Наум Охридски" бил каснат од куче скитник во пределот на нозете.

На 07.04.2020 во 22.40 часот од полициски службеници од СВР Скопје на ул. „Димитрија Чуповски", поради основано сомнение за сторен прекршок од Законот за странци, во врска со нелегален престој, во Полициската станица Центар бил приведен А.К.(45) од Косово. Тој бил задржан за понатамошна постапка.

На 07.04.2020 во 15.25 часот во Полициската станица Центар С.С.(23) од Скопје пријавил дека на бул.„Никола Карев" била касната од куче скитник во пределот на левата нога.

На 08.04.2020 во 04.30 часот во СВР Скопје, А.Ѓ. вработен во Затвор Скопје пријавил дека во притворско одделение во Затвор Скопје бил пронајден починат А.Е.(47), од с.Горна бела црква, ресенско. Од лекар од Итна медицинска помош била констатирана смрт, а по наредба на Јавен обвинител, телото е предадено за обдукција.

На 07.04.2020 во 14.30 часот во Полициска станица Центар од Меѓуопштински центар за социјална работа било пријавено дека од домот се оддалечила нивната штитеничка Љ.Д.(17) од Скопје. Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

На 07.04.2020 во 11.30 часот на ул.„Козле" во Скопје се случила сообраќајна незгода помеѓу товарно возило „цитроен", со скопски регистарски ознаки, управувано од В.С.(37) од Скопје, патничко возило „фолксваген", со скопски регистарски ознаки, сопственост на МВР, управувано од З.Ѓ. (42) од с. Д. Седларце-тетовско и патничко возило „мини", со скопски регистарски ознаки, управувано од А.М.П.(50) од Скопје. По незгодата, возачот на патничкото возило „фолксваген" бил пренесен во Градска општа болница „Св.Наум Охридски" каде му биле констатирани повреди. Увид на местото на незгодата извршила екипа од СВР Скопје.

На 08.04.2020 во 04.15 часот во СВР Скопје било пријавено дека во Комплекс клиники „Мајка Тереза" била донесена К.Д.(22) од Скопје, која околу 02.20 часот се повредила додека извршувала работни задачи во фабрика во Скопје, при што ѝ биле констатирани тешки телесни повреди. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 07.04.2020 во 13.20 часот во СВР Скопје било пријавено дека на бул.„Јане Сандански" во Скопје, поради недоразбирање во сообраќајот, дошло до нарушување на јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу Д.П.(28) и Х.П.(59), од една страна, и Н.Т.(37), од друга страна, сите од Скопје. Сочинети се записници за констатиран прекршок по чл.11 од ЗППЈРМ.

Секторот за компјутерски криминал и дигитална форензика при МВР до скопското Основно јавно обвинителство поднесе кривична пријава против С.Р.(34) од Скопје, поради постоење основано сомнение дека сторил кривично дело „загрозување на сигурноста" по член 144, став 4 од Кривичниот законик на РСМ. Имено, пријавениот на својот профил на социјалната мрежа "Фејсбук", во текот на 29, 30 и 31 минатиот месец, објавил слики на високи претставници на Владата и лидер на политичка партија, проследени со коментари со закануваачки пораки. Од страна на Секторот за компјутерски криминал и дигитална форензика презмени се службени дејствија и идентификуван е корисникот на профилот - С.Р., односно констатирано е дека станува збор за профил кој што му припаѓа на пријавениот.

На 07.04.2020 во 15.30 часот во СВР Скопје, Г.А.(39) од Скопје пријавил дека на паркинг кај бензипска пумпа на ул. „Перо Наков" бил каснат од куче скитник во пределот на десната нога.

На 07.04.2020 во 23.05 часот во Полициска станица Крива Паланка било пријавено дека на ул.„Единство" во Крива Паланка се случила физичка пресметка помеѓу непознато лице и Е.С.(27) од Крива Паланка, во која непознатото лице употребило нож и му нанело повреда на Е.С. Се преземаат мерки расчистување на случајот.

На 07.04.2020 околу 14.00 часот во СВР Скопје, З.С.(48) од с.Ракотинци пријавил дека пред маркет во с.Марков Манастир, поради меѓусебно нетрпение, бил физички нападнат со стап од Љ.Ш.(30) од с.Елово. Сочинет е записник за констатиран прекршок по член.12 од ЗППЈРМ.

На 07.04.2020 во 20.20 часот, Б.А.(59) од гостиварско Зубовце во СВР Тетово пријавил дека додека излегувал од домот бил каснат од куче скитник во пределот на нозете.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против Ј.С.(53) од с.Голема Речица, тетовско, и Р.Л.(25) од с.Порој, тетовско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „насилство". На 12.02.2020 во Тетово на ул.„Илинденска", пред угостителски објект, првопријавениот, кој бил во друштво со Ф.Х.(38) од Тетово, започнал расправија со Р.Т.(44) од Тетово, а второпријавениот физички го нападнал со тврд предмет кој го држел во рака. Причина за нападот е претходна расправија околу случена сообраќајна незгода помеѓу Р.Т. и Џ.Л.(26) од с.Голема Речица, која била внука на првопријавениот и сопруга на второпријавениот. Потоа, оштетениот од страна на Ф.Х. со возило бил префрлен во Клинички центар Тетово за укажување на лекарска помош.

СВР Битола поднесе кривична пријава против А.Ќ.(32) и С.Х.(19), двајцата од Прилеп, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „спречување на службено лице во вршење службено дејствие". На 08.03.2020 вработени во шумската полиција од СПШ Прилеп, на место викано „Дервен", забележале возило „опел" без регистарски ознаки, кое било натоварено со огревни букови дрва и во кое се наоѓале пријавените. При обид за сопирање на пријавените, истите со возилото се оддалечиле од местото на настанот, при што полицајците биле спречени во службените дејствија од првопријавениот.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Струга поднесе кривична пријава против С.Т.(42) од Битола, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори". На 01.08.2019 на ул.„Партизанска" во Струга, полициски службеници, при извршен преглед над пријавениот, пронашле метилен-диоксиметамфетамин (MDMA).

СВР Штип поднесе четири кривични пријави против Ш.Д. (48) и Ќ.Д.(45), двајцата од Виница, К.А.(34) од Штип, Г.М.(43) од с.Крупиште, Карбинци и Н.М.(39) од Штип, а СВР Скопје поднесе четири кривични пријави против А.Ј. (24), С.М.(22), Н.И.(30), А.С.(20) и Е.М.(20), сите од Скопје, поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „непостапување според здравствените прописи за време на епидемија". Пријавените лица во период од 24.03.2020 до 28.03.2020, не се придржувале кон воведената мерка за ограничено движење.